## 39. ЈА ИЗЛЕЗИ НА ПОРТАТА

Крај: Тиквеш, Глишиќ
Пеела: Марија Коцева
Родена: Глишиќ, 1942 год
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 215/2
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
24 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 20.11.1964.




Ја излези на портата,
ти да видиш гора зелена;
сред гората шарена чешма,
на чешмата три девојки;
првата ле мерак имала,
фтората ле пари имала,
трекјата ле руба имала;
рубата се покинува,
парите се поарчуват,
меракот ле трае до гроба.

Забелешка: Секој прв дел на стихот и секој цел стих се пеат по двапати. Интерполацијата „мале“ се пее во сите стихови.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978